Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

**- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка -**

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 12.06.2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 38 | - 14/2 | 2 | / |

Сл. бр.: 13/4312/6

Датум: 10-06-2019

До: **Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**
**на Владата на Република Северна Македонија**
**г-ѓа Фани Каранфилова-Пановска, Претседател на**
**Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор**

Предмет: **Номинација на членови во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика" за ревизија на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика – ЕСРП 2020**

*Почитувани,*

Министерство за труд и социјална политика започнува процес на ревизија на **„Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика "** (Employment and Social Reform Programme - ESRP) 2020, која беше усвоена од страна на Владата во август 2017 година.

Оваа програма е главниот стратешки документ за користење на претпристапната помош (ИПА) во секторот „Образование, вработување и социјална политика". Ревизијата се врши заради усогласување на временската рамка на **Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика со временските рокови на ИПА програмите. Со ревизијата, временската рамка на ЕСРП се продолжува до 2022 година.** Покрај оценка на напредокот и релевантноста на приоритетите и мерките, ревизијата ќе опфати и дефинирање на визијата и политичките ориентации по 2020 година.

Ревидираната верзија треба најдоцна до крајот на 2019 година да биде финализирана и усвоена од Владата на Република Северна Македонија. Оттука, ревидирањето се планира да започне во јули 2019. Ревизијата ќе ја координира Министерството за труд и социјална политика, но ќе се одвива во рамки на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика".


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Секторската работна група е меѓуресорски форум за водење на дијалог за политиките за образование, вработување и социјална заштита и за оценка на напредокот во секторот. Во Секторската работна група членуваат претставници на институциите, меѓународните организации и билатералните донатори. Исто така, почнувајќи од 2018 година, претставници на граѓанскиот сектор учествуваа на пленарните седници на Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика". Станува збор за претставници на повеќе формални и неформални платформи што покриваат прашања од секторот „Образование, вработување и еднакви можности", како што се ИПА2 механизмот, Платформата за родова еднаквост, Македонска платформа против сиромаштија и Мрежата за заштита од дискриминација. За работата на Секторската работна група може да се информирате на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика http://mtsp.gov.mk/srg-obrazovanie-vrabotuvanje-i-socijalna-politika.nspx

Бидејќи Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор претставува советодавно тело на Владата, **Ве покануваме да назначите претставници во Секторската работна група „Образование, вработување и социјална политика", кои ќе се вклучат и во процесот на ревизија на ЕСРП во областите пазар на труд, човечки капитал (образование) и социјална вклученост. Ве молиме да не известите во најкраток можен рок со доставување на список за назначените лица и нивните контакти.**

Како што сте веќе запознаени, во координација со Секретаријатот за европски прашања сме во фаза на воспоставување на Секторски мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, Акција 4: поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика. Со дописот бр. 13-3520/1, побаравме да номинирате претставници од граѓанскиот сектор (членови и заменик членови) во Секторскиот мониторинг комитет за што сме во очекување на Вашиот одговор.

Секторската работна група има поширок мандат од Секторскиот мониторинг комитет, но и двете тела покриваат сродни прашања од истиот сектор. Заради хармонизација на работата на двете тела и поради поврзаноста на ЕСРП 2020 и користењето на претпристапната помош, лицата кои ќе бидат номинирани како членови на Секторскиот Мониторинг Комитет за ИПА 2 – Акциска програма 2017 би можеле да бидат и дел од Секторската работна група. Сепак, останува Советот да одлучи кои лица ќе ги предложи во Секторската работна група.



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

**- Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка -**

Лице за контакт во Министерството за труд и социјална политика (МТСП): Ане Накова Петрушевска , (e-mail: ane.petrushevska@mtsp.gov.mk, телефон - 070 27 57 92).

Со почит,

**МИНИСТЕР,**
***Мила Царовска***

| | |
|---|---|
| Изработил: | Ане Накова Петрушевска |
| Контролирал: | Анкица Ивановски |
| Одобрил/ Согласен: | Александра Славкоска |



Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk